Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-329/3
24-06-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 329/1 од 06.06.2022 година, поднесена од [redacted]од Скопје, за извршена дискриминација врз основа на образование и работно искуство во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) на ден 24.06.2022 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 329/1 од 06.06.2022 година, поднесена од [redacted], за извршена дискриминација врз основа на образование и работно искуство во областа на работата и работните односи **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## Образложение

На 06.06.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација за извршена дискриминација врз основа на образование и работно искуство во областа на работата и работните односи, од страна на лицето [redacted].

Од причина што претставката не ги содржеше потребните елементи, на ден 06.06.2022 година, Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до подносителката преку емаил комуникација достави барање за доуредување на претставката, заведено под архивски бр. 08-329/2. Со барањето подносителката беше задолжена во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, во насока на член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Согласно член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Бидејќи подносителката на претставката во предвидениот законски рок не ја доуреди претставката, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисијата посочува на подносителката дека доколку во иднина ги прибави сите потребни документи и прилози релевантни за поднесување на претставка, може повторно да поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
24.06.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Потпретседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]